Врз основа на член 4 од Уредбата за поблиските услови кои мора да бидат исполнети за стоката да може да биде предмет на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки, постапката за воведување на автономни мерки како и начинот на нивно распределување или користење, Здружението на текстилната индустрија и конфекција при Стопанската комора на Македонија, на 11.01.2007 година до Министерството за економија достави

**Б А Р А Њ Е**
**на автономни мерки за укинување на увозните давачки кај одредени суровини, репроматеријали и опрема за потребите на текстилната индустрија**

1.Предлагач на автономните мерки се членките на Здружението на текстилната индустрија и конфекција при Стопанската комора на Македонија.

2.Производите за кои се бараат автономни мерки за укинување на увозните давачки се суровини, репроматеријали и опрема кои не се произведуваат или недоволно се произведуваат во Република Македонија , опфатени во 377 тарифни ознаки дадени во прилог.

3.Во врска со предметново Барање, производителите на текстил и конфекција го даваат следново образложение:

Во текстилната индустрија регистрирани се околу 1500 стопански субјекти. Одделно по видови на производи , најголем број се регистрирани во производството на облека -1390.
Оваа индустрија вработува околу 37 000 лица, или околу 7-8% од вкупно вработените . Во вкупниот извоз на земјата учествува со околу 30%.(прилог)
Инсталираните капацитети кај производството на готови текстилни производи се користат околу 60%. Можностите за повисок степен на користење на расположивите капацитети се во дирекна зависност од побарувачката односно нарачките од странските пазари (90% од вкупното производсдтво е"лон" ).

Стопанствениците укажуваат дека нивната доминантна активност - вршење ЛОН производство не обезбедува стабилно долгорочно работење , поради што перманентно е присутна заложбата да се зголеми користењето на располживите капацитети со зголемување на класичното производство и пласман на домашниот пазар.
Но најважен структурен проблем на тој план е непостоењето на домашна суровина што условува висока зависност од увоз на најважните суровини и репроматеријали. Во отсуство на домашни базни производствени капацитети, конфекциските претпријатија се принудени да увезуваат ткаенини од памучен, синтетички и вискозен тип со висок квалитет и дизајн, кои поради увозните давачки ги прави неконкурентни на домашниот пазар.

Треба да се напомене дека кај одредени текстилни суровини и репроматеријали (синтетички и полиамидни влакна) кои не се произведуваат во земјава, истите се оптоварени со царински давачки.

Наспроти горе наведеното, текстилната индустрија на домашниот пазар се соочува и со високо учество и нелојална конкуренција од сивата економија, која е најизразена кај текстилните готови производи.

Оттаму, слободниот увоз на суровини, репроматеријали и опрема кои не се произведуваат или недоволно се произведуваат во Република Македонија ќе придонесе за зголемување на конкурентноста на домашните производи и соодветно ќе овозможи на домашните производители да го зголемат процентот на класичното производство .